РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-786/4

17-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2111/1 од 01.08.2024 година и кон него споениот предмет 12 -3187/1 од 29.11.2024 година, оформени по пријава со наводи против лицето ///, градоначалник на општина ///, за неправилности при именување на в.д. директори во основни училишта на територијата на Општината, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување по однос на предметниот случај од причина што за пријавените дејствија постапил друг надлежен орган и презел активности од своја надлежност.
До градоначалникот на Општина ///, до Училишниот одбор на ООУ /// – /// и до Училишниот одбор на ООУ /// – ///, ДКСК ќе достави Укажување за постапување по насоките дадени од страна на надлежниот инспекциски орган и за целосно почитување на одредбите на Законот за основно образование во делот за постапките за избор на директор во основните училишта на територијата на Општината.

Предметот со број 12-2111/1 од 01.08.2024 година и кон него споениот предмет 12-3187/1 од 29.11.2024 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 01.08.2024 година, на електронска адреса на ДКСК е поднесена пријава со наводи против градоначалникот на Општина /// ///, за неправилности при именување на в.д. директори во основни училишта на територијата на Општината, по која е оформен предмет број 12-2111/1. Кон предметот споен е предмет

со број 12-3187/1 од 29.11.2024 година, кој е оформен по анонимна пријава со истите предметни наводи, а со цел ДКСК по предметите да одлучува во единствена постапка.

Во конкретниот случај станува збор за наводи за сомневање за незаконско работење на именуваниот градоначалник во постапки за именување на вршители на должноста директор спроведени во текот на 2024 година во три основни училишта, и тоа во: ООУ /// – ///, ООУ /// – /// и ООУ /// – ///.
Според подносителот на пријавата, во две од наведените три училишта биле именувани в.д. директори без соодветно образование, спротивно на член 109 став (3) од Законот за средно образование во кој се дефинирани условите кои треба да се исполнат за избор на лице за директор на основно училиште. Исто така, во предметните постапки било постапено и спротивно на член 118 став (2) од истиот Закон, согласно кој *„Градоначалникот, односно министерот во рок од пет дена од денот на именување на вршител на должноста на директор донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.“* Во третото училиште, пак, за в.д. директор било именувано лице кое со спогодба за трајно преземање од 04.01.2024 година било преземено од друго основно училиште на територијата на Општината, спротивно на член 118 став (1) од Законот за основно образование, согласно кој *„Градоначалникот, односно министерот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.“*

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара податоци и информации од Општина ///, од ООУ /// – ///, од ООУ /// – /// и од ООУ /// – ///, а воедно, од Државниот просветен инспекторат побара да изврши вонреден инспекциски надзор во предметните училишта по однос на пријавените наводи.

По барањата на ДКСК доставени се бараните информации со прилог документација и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:
- На ден 22.07.2024 година од страна на градоначалникот на општина ///, донесена е Одлука за именување на вршител на должноста директор на ООУ /// – /// со која е именувано лицето ///, со мандат од 26.07.2024 година.
На 14.08.2024 година, градоначалникот на општина ///, донел Одлука со која го задолжил Училишниот одбор на ова основно училиште да отпочне постапка за избор на директор во истото.
Од страна на Државниот просветен инспекторат, постапувајќи по анонимна пријава, на 15.08.2024 година бил извршен вонреден инспекциски надзор по однос на неправилности при именување на в.д. директор во наведеното основно училиште. При надзорот, врз

основа на констатираната фактичка состојба државниот просветен инстектор утврдил дека нема утврдени законски повреди во однос на предметот на надзорот и ја запрел инспекциската постапка.
На 10.10.2024 година од страна на Училишниот одбор на ова основно училиште донесена е одлука да се објави оглас за избор на директор во истото. Огласот бил објавен во три весника и била формирана Комисија за разгледување на документи од пријавени кандидати на објавениот оглас.
При надзорот во ООУ /// – /// извршен на ден 17.12.2024 година по иницијатива поднесена од анонимен подносител во однос на неправилности при именување на директор во училиштето, од страна на државниот просветен инспектор било констатирано дека на објавениот оглас бил пријавен само еден кандидат - лицето /// кој ги исполнувал сите услови за именување на директор а во моментот на надзорот била во тек постапка за полагање на испит за директор кој именуваното лице со Одлуката за негово именување донесена од градоначалникот на 14.11.2024 година, било задолжено да го положи во рок од една година. Со оглед на така констатираната фактичка состојба, инспекторот утврдил дека нема законски повреди во однос на предметот на надзорот и ја запрел инспекциската постапка.

- Во ООУ /// – ///, функцијата в.д. директор ја извршувало лицето ///, со мандат двапати едноподруго и тоа со прво именување од 26.02.2024 година, а вториот пат бил именуван од 06.03.2023 година. Ова лице било разрешено на ден 07.08.2024 година со одлука на градоначалникот на Општината.
Истиот ден (07.08.2024 година) од страна на градоначалникот на општина ///, донесена е Одлука за именување на вршител на должноста директор на ООУ /// – /// со која е именувано лицето ///, со мандат од 08.08.2024 година.
На 14.08.2024 година, градоначалникот на општина /// донел Одлука со која се задолжува Училишниот одбор на ова основно училиште да отпочне постапка за објавување оглас за избор на директор во истото, а на 16.08.2024 година градоначалникот донел одлука до Училишниот одбор за започнување на постапка за избор на директор односно за започнување на процедура за истото. Училишниот одбор, заклучно со 17.12.2024 година, кога бил извршен последниот инспекциски надзор од државниот просветен инспекторат, не постапил по предметната одлука на градоначалникот, односно не е распишан конкурс за избор на директор.
Државниот просветен инспекторат, постапувајќи по анонимна пријава по однос на направилности при именување на в.д. директор на ООУ /// – ///, на 20.08.2024 година извршил вонреден инспекциски надзор. При надзорот, државниот просветен инспектор констатирал дека лицето /// не поседувал сертификат за познавање англиски јазик и уверение за положен испит за директор со што не ги исполнувал условите за директор

предвидени во член 109 став (3) од Законот за основно образование, а исто така ова лице било именувано двапати едноподруго за вршење на функцијата в.д. директор, што било спротивно на членот 118 став 4 и 5 од истиот Закон. Согласно констатираното, а имајќи предвид дека со Одлука од 07.08.2024 година ова лице било разрешено од функцијата в.д. директор, државниот просветен инспектор утврдил дека при надзорот градоначалникот на Општината ги има отстрането утврдените неправилности и со новонастанатата состојба при именувањето на нов в.д. директор има постапено согласно законската регулатива, по што ја запрел инспекциската постапка.
На ден 27.08.2024 година од страна на градоначалникот на општина ///, донесена е Одлука за разрешување на лицето ///, а донесена е и Одлука за именување на вршител на должноста директор ООУ /// – /// со која е именувано лицето ///, со мандат од 28.08.2024 година.
Во ООУ /// – ///, на ден 17.12.2024 година повторно е извршен инспекциски надзор по иницијатива поднесена од анонимен подносител во однос на неправилности при именување на в.д. директор во училиштето, при што од страна на државниот просветен инспектор било констатирано дека лицето /// именувано за в.д. директор на ова училиште не поседувал сертификат за познавање на англиски јазик и уверение за положен испит за директор што е спротивно на член 118 став (1) од Законот за основно образование. Со оглед на констатираните состојби, државниот просветен инспектор утврдил неправилности во постапката и му укажал на Училишниот одбор при ова основно училиште да ја спроведе веднаш Одлуката на градоначалникот бр./// од 16.08.2024 година за отпочнување на постапка за избор на директор на училиштето.

- На ден 26.08.2024 година од страна на градоначалникот на општина ///, донесена е Одлука за именување на вршител на должноста директор на ООУ /// – /// со која е именувано лицето ///, со мандат од 27.08.2024 година. Претходно истото лице било именувано за вршење на оваа функција на 14.11.2023 година, а било разрешено на ден 07.08.2024 година со одлука на градоначалникот на Општината.
На 14.08.2024 година, градоначалникот на општина ///, доставил Одлука до Училишниот одбор на ова основно училиште, со цел да се објави оглас за избор на директор во истото. Училишниот одбор, заклучно со 17.12.2024 година, кога бил извршен последниот инспекциски надзор од државниот просветен инспекторат, не постапил по предметната одлука на градоначалникот.
Од страна на Државниот просветен инспекторат, постапувајќи по анонимна пријава, на 21.08.2024 година бил извршен вонреден инспекциски надзор по однос на неправилности при именување на в.д. директор во наведеното основно училиште. При надзорот, државниот просветен инстектор констатирал дека наводите во иницијативата за надзор се неосновани, односно дека лицето /// ги исполнувало условите за в.д. директор. Со

оглед на констатираната состојба при надзорот, инспекторот утврдил дека градоначалникот на Општината со донесување на Одлуката за именување на наведеното лице за в.д. директор на предметното училиште од 07.08.2024 година, како и со донесувањето на Одлуката од 14.08.2024 година со која го задолжува Училишниот одбор на ова основно училиште да отпочне постапка за објавување оглас за избор на директор, има постапено согласно законската регулатива и ја запрел инспекциската постапка.
При надзорот во ООУ /// – /// на ден 17.12.2024 година, извршен по анонимна иницијатива во однос на именување на в.д. директор во ова училиште, од страна на државниот просветен инспектор било констатирано дека наводите во иницијативата се неосновани и дека градоначалникот на Општина /// има постапено согласно законската регулатива во предметната постапка за именување на в.д. директор. Исто така, инспекторот констатирал и дека до денот на завршување на надзорот, Училишниот одбор при ова основно училиште не постапил по Одлуката на градоначалникот од 14.08.2024 година и не ја започнал постапката за избор на директор, па од страна на инспекторот му било укажано да ја спроведе предметната одлука за спроведување на постапка за избор на директор во училиштето.

Од утврдената фактичка состојба за предметниот случај, ДКСК констатира дека по пријавените дејствија е постапено од страна на друг надлежен орган - Државен просветен инспекторат, кој при своето надлежно постапување презел активности од своја надлежност и по последниот вонреден инспекциски надзор извршен во сите погоре наведени основни училишта утврдил дека пријавените наводи кои се однесуваат на едно основно училиште не се потврдени, а по однос на констатираните неправилности во останатите две училишта, со известување од 17.12.2024 година го известил градоначалникот на општина ///, дека не се испочитувани неговите одлуки испратени до Училишните одбори на две училишта ООУ /// – /// и ООУ /// – ///. Исто така, Државниот просветен инспектор на градоначалникот на Општина /// му укажал на задолжителното почитување на Законот за основно образование во делот за избор на директор, односно постапките за избор во спомнатите училишта веднаш да започнат.

Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет, и до градоначалникот на Општина ///, до Училишниот одбор на ООУ /// – /// и до Училишниот одбор на ООУ /// – /// ќе достави Укажување за постапување по насоките дадени од страна на надлежниот инспекциски орган како и за целосно почитување на одредбите на Законот за основно образование во делот за постапките за избор на директор во основните училишта на територијата на ///.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: Ј.Ц,раководител на одделение
Согласен: м-р. И.П., раководител на Сектор
Одобрил м-р Ц.Р., член на ДКСК